## МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА

**1065.**

Врз основа на член 39 став 5 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/10, 23/11, 47/11, 148/11, 55/12 и 29/14), министерот за одбрана, донесе

### П Р А В И Л Н И К
### ЗА НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА ПРИЕМ НА КАНДИДАТИ ЗА ОФИЦЕРИ, ОДНОСНО ПОДОФИЦЕРИ, ПРОФЕСИОНАЛНИ ВОЈНИЦИ И ЦИВИЛЕН ПЕРСОНАЛ НА СЛУЖБА ВО АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на спроведување на постапката за прием на кандидати за офицери, односно подофицери, професионални војници и цивилен персонал на служба во Армијата на Република Македонија (во натамошниот текст: Армија).

Член 2

Постапката за прием на кандидати за офицери, односно подофицери, професионални војници и цивилен персонал на служба во Армијата се одвива во четири фази.

Член 3

Првата фаза опфаќа административна проверка на поднесените документи во смисла на нивна потполност и проверка на податоци кои кандидатите ги изнеле за вистинити.

Член 4

Втората фаза опфаќа спроведување на тестови за физичка подготвеност согласно Правилникот за начинот на одржување и проверка на физичката способност на активниот воен персонал за служба во Армијата на Република Македонија.

Кандидатите кои постигнале задоволителни резултати на проверката на физичката подготвеност продолжуваат со постапката за прием, а останатите кандидати се известуваат дека не продолжуваат со постапката за прием на кандидати за офицери, односно подофицери, професионални војници и цивилен персонал на служба во Армијата.

Член 5

Третата фаза опфаќа спроведување на здравствени прегледи согласно Правилникот за мерилата за оценување на посебната здравствена и физичка способност на воениот персонал за служба во Армијата на Република Македонија.

Кандидатите кои на здравствените прегледи добиле оцена „способен“ продолжуваат со постапката за прием, а останатите кандидати се известуваат дека не продолжуваат со постапката за прием на кандидати за офицери, односно подофицери, професионални војници и цивилен персонал на служба во Армијата.

Член 6

Четвртата фаза опфаќа спроведување на селективен курс за прием.

Кандидатите кои успешно го завршиле селективниот курс за прием во специјалните единици, продолжуваат со постапката за прием на професионални војници во овие единици. Останатите кандидати продолжуваат со постапката за прием на кандидати за офицери, односно подофицери, професионални војници и цивилен персонал на служба во другите единици на Армијата.

Член 7

Кандидатите кои биле оценети со оценка „способен“ на здравствените и физичките прегледи и ги исполнуваат законските услови, се повикуваат на интервју од страна на комисијата формирана од министерот за одбрана.

Член 8

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за начинот на спроведување на постапка за прием на кандидати за офицери, односно подофицери, професионални војници и цивилен персонал на служба во Армијата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 165/14).

Член 9

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 01-2234/1 Министер
29 март 2018 година за одбрана,
Скопје м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.